Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20____ год.
Потпис,

Друштво за услуги
ДАНЦЕРС УНИТЕД ДОО
18/2
18.02. 20 20 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

Ип 1 бр. 57-10
Датум: 18.2.2020 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Друштво за услуги Данцерс унитед ДОО, Скопје (во натамошниот текст: Данцерс унитед) |
| Седиште/адреса на субјектот | Бул. „Партизански одреди“ бр. 62, Скопје |
| Адреса за е-пошта | dancersunitedmk@gmail.com |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | |

Одговорно лице на субјектот:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Сара Кочан, управител | | dancersunitedmk@gmail.com |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 12.2.2020 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.00 | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 18.2.2020 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 10.00 | |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Друштво за услуги Данцерс унитед ДОО, Скопје | | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

- По поднесените пријави на годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2019 г. од областа на меѓународната дејност, со решенија на министерот за култура УП1 бр. 32-3564/2018 и УП1 бр. 32-2625/2018 од 8.3.2019 г., прифатени се проектите на Данцерс унитед: „Учество на Европско првенство латино во Москва, Руска Федерација“ и „Учество на танчери со Даунов синдром на Светски куп во Римини, Италија“.

- Врз основа на решенијата на министерот за култура, склучени се договори бр. 33-4259/1 и бр. 33-4260/1 од 8.4.2019 година, како и анекс-договори бр. 33-4259/2 од 25.4.2019 г. и бр. 33-4259/6 од 04.7.2019 г., по што на жиро сметката на Данцерс унитед, преведени се средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во вкупен износ од денари, наменети за реализација на проектите „Учество на Европско првенство латино во Москва, Руска Федерација“ ( и „Учество на танчери со Даунов синдром на Светски куп во Римини, Италија“ ( .

- Проектот „Учество на Европско првенство латино во Москва, Руска Федерација“ е реализиран во периодот од 14. до 18.3.2019 г., додека „Учеството на танчери со Даунов синдром на Светски куп во Римини, Италија“ е реализиран од 16. до 21.5.2019 година.

- Трошењето на програмските средства во износ од денари, преведени од страна на МК за реализација на горенаведените проекти, е прикажано во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Доверител | Намена | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| „Учество на Европско првенство латино во Москва, Руска Федерација“ | | | | |
| 1. | Austrian airlines | Авиобилети Скопје-Виена-Москва за 11 улесници | | -Поради терминот на првенството, авиобилетите се набавена на 11.2.2019 г. (уште пред да биде прифатен проектот од страна на МК) и се платени од трансакциска сметка на Сара Кочан. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

- **Врз основа на утврдената фактичка состојба при редовниот инспекциски надзор, се констатира дека преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од денари, Данцерс унитед ги потрошил наменски за реализација на предвидените проекти, како и дека има постапено по обврската за доставување на наративен и финасиски извештај за реализација на проектите. Оттука, имајќи предвид дека при редовниот инспекциски надзор не се утврдени никакви неправилности во работењето на Данцерс унитед од аспект на примена на Законот за културата, инспекторот ја запира постапката во согласност со член 85 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

НЕМА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: Сара Кочан, управител | (печат: Друштво за услуги ДАНЦЕРС УНИТЕД ДОО Скопје) | Печат и потпис на инспекторот за култура: Зоран Маркозанов, виш инспектор | (потпис и печат) |
| Датум: | 18.2.2020 г. | Датум: | 18.2.2020 г. |

ПРИЛОГ: Листа за проверка, којашто е составен дел на Записникот.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Booking.com (Amsterdam hotel) | Сместување на учесниците | | -Платено со службена дебитна картичка за резервација на 4 ноќевања (14. до 18.3.2019 г.) во апартман за сите учесници<br>-Банков извод бр. 22 од 4.3.2019 г. |
| 3. | Разни диверители | Исхрана на учесниците | | -Платено со службена дебитна картичка по повече трансакции<br>-Извод за промет од дебитна картичка во период 13.-20.3.2019 г. |
| 4. | Rusian Dance Union од Москва, РФ | Котизација за учество на Европското првенство | | -Платено во готово по документација од организаторот на првенството Rusian Dance Union од Москва, РФ |
| Вкупно за проектот: | | | | |
| Учество на танчери со Даунов синдром на Светски куп во Римини, Италија“ | | | | |
| 1. | ТА Бисер пром - Скопје | Автобуски превоз на релација Скопје-Римини-Скопје (16 учесници) | | - Платено по фактура бр. 289-2019 од 22.5.2019 г.<br>- Банков извод бр. 55 од 23.5.2019 г. |
| 2. | Rimini Hotel Montmarre | Сместување на 16 учесници на Светскиот куп | | Платено со службена дебитна картичка за ноќевања во хотел за сите учесници<br>- Банков извод бр. 55 од 23.5.2019 г. |
| Вкупно за проектот: | | | | |
| ВКУПНО: | | | денари | |

- Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (1) од договорите, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектите, на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финасиски извештај за нивната реализација, при надзорот е утврдено дека Данцерс унитед доставил извештаи за реализација на проектот „Учество на Европско првенство латино во Москва, Руска Федерација“ (на 16.4.2019 г.) и за проектот „Учество на танчери со Даунов синдром на Светски куп во Римини, Италија“ (на 8.7.2019 година).


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Останати забавни и рекреативни дејности, неспомнати на друго место (шифра: 93.29) |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | бул. „Партизански одреди“ бр.62, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (во натамошниот текст: СУИН на МК) за месец февруари 2020 година, бр. 57-120/4 од 30.1.2020 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Зоран Маркозанов, виш инспектор во СУИН на МК.

5) За почетокот на вршењето на инспекцискиот надзор, со Допис Ип 1 бр. 57-4 од 15.1.2020 г., е известен Данцерс унитед, во согласност со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/2019)

6) Предмет на редовниот инспекцискиот надзор е спроведување на членот 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно надзор над наменското користење на одобрените и преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во вкупен износ од 450.000 денари, согласно со договорите бр. 33-4259/1 и бр. 33-4260/1 од 8.4.2019 година, анекс-договорите бр. 33-4259/2 од 25.4.2019 г. и бр. 33-4259/6 од 04.7.2019 г., како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектите, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за нивната реализација.

7) Во извршувањето на инспекцискиот надзор е употребена листа за проверка којашто е дадена во прилог и е составен дел на овој записник.

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Сара Кочан, управител | | dancersunitedmk@gmail.com |


Министерство за културана Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk